ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА УНИВЕРЗИТЕТСКИ СЕНАТ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 02.11.2020 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-804/1
02.11 202 0 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 94 т.32 од Законот за високо образование („Сл.весник на РМ бр.82/18" од 08.05.2018 година) и член 72 т.32 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 86-та седница, одржана на ден 02.11.2020 година, го донесе следниот:

Д Е Л О В Н И К
за работа на Универзитетскиот сенат на Европски Универзитет Скопје

Член 1

Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Универзитетскиот сенат на Европскиот Универзитет Скопје (во натамошниот текст: Сенат).

Член 2

Сенатот е орган на управување и стручен орган кој го сочинуваат претставници од единиците на универзитетот, придружните членки и од универзитетскиот студентско собрание.

Член на сенатот може да биде лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно или наставно звање и редовен студент на универзитетот во моментот на изборот.

За член на сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на универзитетот.

Членовите на сенатот од единиците на универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор.

Универзитетското студентско собрание ги избира претставниците на студентите во сенатот со тајно гласање, за време од една година без право на реизбор. Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од членовите на сенатот.

Во сенатот секоја единица на универзитетот има најмалку по еден, а најмногу два претставници.

Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањет и без право да бидат избрани за претседатели на сенатот.

Придружните членки на универзитетот избираат по еден член на сенатот. Членовите на сенатот избрани од придружните членки на универзитетот учествуваат во работата и одлучувањето на сенатот за прашањата определени со статутот на универзитетот.

Бројот на членовите на Сенатот, постапката за нивниот избор, основите и постапката за нивно разрешување, како и свикувањето и водењето на седниците на сенатот, се уредени со статутот на универзитетот, во согласност со закон.

На седниците на Сенатот можат да учествуваат во работата и членовите на управниот одбор, генералниот секретар и деканите, без право на глас.

Член 3

Сенатот на универзитетот:

1. донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав,
2. одлучува за наставната, научната, уметничката и високостручната (применувачка) дејност,
3. ги усвојува студиските програми на факултетите, односно на високите стручни школи и на научните институти во негов состав кои вршат високообразовна дејност согласно со Законот за високо образование (ЗВО),
4. ги предлага до Националниот совет за високо образование основите врз кои се определува школарината за студирање,
5. одлучува за основање и престанок на внатрешни организациони единици, организации и трговски друштва,
6. одлучува за статусни промени во согласност со овој закон,
7. утврдува мислење за престанокот на потребата од постоење на определени единици на универзитетот и за нивното трансформирање,
8. донесува годишна и тригодишна програма за развој и работа на универзитетот,
9. дава мислење и поднесува предлози на Програмата за високообразовна дејност и дава мислење по годишната програма за развој на единиците во неговиот состав,
10. дава мислење и поднесува предлози на националната програма за научно-истражувачката дејност на Република Северна Македонија,
11. го усвојува годишниот извештај за работа на универзитетот, поднесен од Ректорот,
12. усвојува годишен финансиски план на универзитетот,
13. донесува годишна финансиска пресметка и годишен завршен финансиски извештај на универзитетот,
14. донесува програма за инвестиции на универзитетот,
15. одлучува по жалба против одлуката по приговор од лицето кое не е избрано ниту во постојното во звање, согласно член 165 од ЗВО,
16. одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa), звањето почесен професор на универзитетот (profesor honoris causa) и звањето професор емеритус,

17. избира универзитетска изборна комисија,
18.решава за потврдување на суспензијата на декан, односно директор на единицата на универзитетот,
19.го потврдува изборот на декан, односно директор на единиците на универзитетот,
20. дава мислење на националниот совет за високо образование по нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност,
21.донесува правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно - стручни, научни, наставни и соработнички звања,
22.донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии,
23.донесува правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитетот,
24.донесува правилник за издавањето на дипломи, додаток на дипломи, стручниот, односно научниот назив и други документи за завршени студии на високо образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома,
25. донесува правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на универзитетот,
26. донесува правилник за организирање на издавачката дејност и одлучува за издавачката дејност,
27. донесува програма за меѓународна соработка,
28.ги утврдува работните обврски на вработените и утврдува принципи за уредување на работните односи
на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност,
29.на предлог на ректорот избира и разрешува генерален секретар на универзитетот,
30.формира комисија за самоевалуација на универзитетот и ги избира нејзините членови,
31. донесува Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на универзитетот и неговите единици во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација кој го донесува Националниот совет за високо образование,
32. донесува деловник за работа на Сенатот,
33. презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените,
34. избира претседател на Сенатот,
35. донесува општ акт за уредување на работата на центарот за кариера на универзитетот,
36. го донесува општиот акт од член 150 став (2) на ЗВО со кој се утврдуваат условите за упис на студиски програми за лицата кои не завршиле еднакво

образование во странство,
37. го донесува општиот акт од член 154 став (4) на ЗВО со кој се пропишуваат можните начини на проверка на знаењето на студентите,
38. избира вршител на должноста ректор согласно со ЗВО,
39. од редот на редовните професори на универзитетот избира овластено лице за прием на пријави на корупција,
40. донесува општ акт со кој ја уредува работата и месечниот надомест на овластеното лице за прием на пријави на корупција,
41. на предлог на универзитетското студентско собрание, избира студентски правобранител,
42. донесува програма за обезбедување на технологија и/или адаптација на просторот во кој се одвива наставата заради овозможување пристап до високото образование на лицата со попреченост и
43. врши други работи утврдени со овој закон и со статутот на универзитетот.

Член 4

Сенатот може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со ЗВО не е поинаку предвидено.

За изборот на органите на универзитетот и избор на претседател на Сенат, Сенатот може да одлучува доколку на седниците присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство од присутните членови.

Член 5

Претседателот на Сенатот се избира од редот на сенаторите со тајно гласање, за период од една година, со право на уште еден избор.

Претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот.

Претседателот на Сенатот свикува седница на Сенатот најмалку еднаш месечно.

Претседателот на Сенатот е должен на барање на најмалку една петтина од членовите на Сенатот или на барање на ректорот да свика седница на Сенатот.

Доколку претседателот на Сенатот не постапи согласно со одредбите од ставовите 3 и 4 на овој член, Ректорот ја свикува седницата на Сенатот.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Сенат, седниците на Сенатот ги води член на Сенатот согласно со статутот на универзитетот.

Претседателот на Сенатот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на Сенатот.

Постапката за избор на претседател на Сенатот поблиску се уредува со статутот на универзитетот.

Вршењето на должноста претседател на Сенат е неспојливо со вршењето

на друга државна функција или функција во политичка партија.

Сенатот врши и други работи утврдени со Законот за високото образование и со Статутот на Универзитетот.

Член 6

Текот на седницата на Сенатот, прифатените ставови и донесените одлуки се регистрираат во Записник.

Претседателот на Сенатот ги формулира одлуките и заклучоците пред да се пристапи на гласање за нивно усвојување.

Записникот од седницата на Сенатот го потпишува Претседателот на Сенатот и се усвојува како прва точка на дневниот ред на наредната седница.

Член 7

Сенатот, по правило, прифаќа одлуки со јавно гласање, доколку со статут не е предвидено тајно гласање.

Одлуките на Сенатот стапуваат на сила со денот на донесувањето.

Член 8

Седницата на Сенатот се закажува најмалку 2 (два) дена пред одржувањето, а материјалите по точките на дневниот ред им се доставуваат на членовите и на другите учесници најмалку еден ден пред одржувањето на седницата.

Во вонредни, итни случаи седницата на Сенат може да се закаже и порано од утврдениот рок во став 1 од овој член.

Дневниот ред на седницата на Сенатот се утврдува на почетокот на седницата.

Членовите на Сенатот имаат права и должности утврдени со закон, Статут на Универзитетот и со овој Деловник.

Член 9

Членот на Сенатот има право и должност да присуствува на седниците, да се подготвува за секоја седница и да учествува во работата и одлучувањето на Сенатот.

Членот на Сенатот може да отсуствува од седница само од оправдани причини и е должен, најмалку 1 (еден) ден пред одржувањето на седницата да го извести претседателот на Сенатот.

Оправданоста на причините за отсуство ја оценува претседателот на Сенатот.

Член 10

За присуство на членовите на седниците на Сенатот се води евиденциски лист кој го потпишуваат присутните членови на Сенатот.

Член 11

Членот на Сенатот има право и должност да гласа или да се воздржи од гласање.

Член 12

Членот на Сенатот, на седниците, има право да:

- предлага донесување општи и поединечни акти од надлежноста на Сенатот;
- учествува во претресот на предлог-актите од чл.1 на овој член, што се на дневен ред на седницата и да дава свои предлози при нивното донесување. За изнесениот предлог на членот на Сенатот се изјаснуваат сите членови на Сенатот со гласање на начин утврден со овој Деловник.
- предлага разгледување на други прашања од надлежноста на Сенатот.

Член 13

Членот на Сенатот има право да поставува прашања во врска со дневниот ред на седницата. Одговорите на прашањата се даваат на истата седница или на првата наредна седница.

Членот на Сенатот има право да поставува прашања и до ректорската управа и да бара одговор, а одговорот да го добие на наредната седница или на негово писмено барање и во покус рок.

Член 14

Членот на Сенатот е должен да ја чува државната, службената, воената и деловната тајна.

Како тајна се сметаат податоците што членот на Сенатот ќе ги дознае на седниците на Сенат или на седници на работни тела и на комисии, во врска со прашања за кои се расправа без присуство на јавноста. Како тајна се сметаат и сите материјали што му се упатуваат на Сенатот, а како такви се означени.

Член 15

Универзитетскиот сенат заседава на седници.

Седниците, задолжително, се одржуваат еднаш месечно, а по потреба и почесто.

Сенатот може да одржува и вонредни седници, како и свечени седници по повод јубилеи, прослави и други случаи (комеморативни седници и др.)

Во исклучителни ситуации седниците на Универзитетскиот сенат, можат да се одржат по електронски пат (on-line).

Член 16

На седниците на Универзитетскиот сенат можат да бидат поканети и претставниците на заинтересираните организации, установи и други правни лица и поединци.

Член 17

На седниците може да присуствуваат и претседателите (или од нив овластен претставник) на комисиите на Ректорската управа, како и претседателите (или од нив овластен претставник) на работните тела што ги формира Сенатот.

Член 18

Седниците на Сенат се свикуваат со покана на седница, која ги содржи: датумот, местото, денот, времето на одржување на седницата, предлог на дневниот ред со материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за седницата и записникот од претходната седница.

Поканата за седницата се доставува до членовите на Сенат и до учесниците, најмалку 2 дена пред одржување на седницата, во електронска форма. Во вонредни, итни случаи, покана може да биде доставена во покус рок.

Член 19

Доколку седницата не се одржи поради неприсуство на доволен број членови на Сенат утврдени со законот, Статутот и со другите акти на Универзитетот, седницата се презакажува во рок од најмногу седум дена и до членовите и учесниците се доставува нова покана со истиот предлог на дневен ред.

Закажаната седница се одлага и во случај кога ќе настанат причини кои го оневозможуваат нејзиното одржување во закажаниот ден и се презакажува на истиот начин.

Член 20

Предлогот на дневниот ред и денот на одржувањето на седницата на Сенат ги утврдува претседателот на Сенат, во соработка со генералниот секретар на Универзитетот.

Право да предлага точки на дневен ред на седница има секој член на Сенатот.

Предлогот содржи образложение, цел, актот што треба да се донесе и други елементи кои го оправдуваат предлогот.

Член 21

Предложениот дневен ред го утврдува Сенат на почетокот на седницата, откако ќе се утврди дека има кворум за работа утврден со закон, со Статут и со други акти на Универзитетот.

Секој член на Сенатот, во итни случаи, може да предлага измени и дополнувања на предложениот дневен ред и да достави писмен образложен предлог или предлогот усно да го образложи на седница на Сенатот.

Член 22

По усвојување на дневниот ред, Сенатот го утврдува записникот од претходната седница.

Записникот, за кои не се ставени забелешки, како и записникот со усвоени забелешки и извршени измени, се смета за утврден и се усвојува со јавно гласање.

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот на Сенат, по завршување на седницата.

Член 23

По утврдувањето на дневниот ред и прифаќањето на записникот, се преминува на претресување на прашањата од дневниот ред.

Претресот, по поединечните точки, започнува со излагање на предлагачот кои не може да биде подолго од 10 минути и трае се додека по него се пријавуваат учесници за збор.

Секој учесник има право на дискусија до 5 минути, но не повеќе од два пати за иста точка.

Збор на дискусија се добива од претседателот на Сенат по редоследот според кој дискутантите се пријавиле за дискусија.

Член 24

Во текот на претресот, Сенатот може, на предлог на член на Сенатот, да донесе одлука разгледувањето на тековното прашање од дневниот ред да се прекине, за да може предметот повторно да се проучи или да се дополни материјалот, односно да се прибават потребни податоци за идната седница.

Член 25

За работа на седницата на Сенатот се води записник.

Во записникот се внесуваат:

- бројот на седницата,
- местото на одржување на седницата,
- денот и часот кога се одржува седницата,
- присутните членови,
- отсутните членови кои го оправдале, односно кои не го оправдале отсуството,
- евентуалното одлагање или прекинување на седницата,
- другите присутни лица на седницата,
- заклучокот за усвојување на записникот од претходната седница со евентуални измени,
- усвоениот дневен ред и др.

За секоја точка од дневниот ред се регистрираат изнесените дискусии на членовите на Сенат, формулираниот заклучок од страна на претседателот на

Сенат и резултатот од гласањето по него.

Се назначува времето кога седницата е завршена или прекината, со наведување на причините за прекинот.

Членот на Сенатот кој на седницата ќе го издвои своето мислење, може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото мислење.

Составен дел на записникот се доставените материјали за седницата и актите донесени на седницата.

Член 26

Претседателот на Сенат ја прекинува седницата ако во текот на траењето се намали бројот на присутните, со што ќе предизвика немање мнозинство членови потребно за работа и одлучување (кворум), заради нарушување на редот во салата во која се одржува седницата.

Седницата може да се прекине со одлука на Сенатот, ако таа трае подолго од 3 часа или ако не може да заврши во истиот ден. Претходнатата седница продолжува во рок од седум дена, сметано од наредниот ден од денот на прекинувањето, без дополнување на дневниот ред.

Член 27

По исцрпувањето на прашањето од дневниот ред, претседателот на Сенат констатира дека седницата е завршена.

Член 28

Сенатот на своите седници донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки и други акти, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења (во натамошниот текст акти).

Член 29

По предложените акти од дневниот ред се води претрес и дискусија, а по нивното завршување, претседателот на Сенат формулира заклучок, го става на гласање и го соопштува резултатот од гласањето, се дефиниран текст на актот.

Ако во текот на претресот бидат предложени различни заклучоци, претседателот на Сенат ги формулира и ги става на гласање поединечно, според редоследот на поднесувањето, а членовите се изјаснуваат со гласање за секој заклучок поединечно, а потоа се соопштува резултатот од гласањето.

На крајот тој го соопштува дефинитивно усвоениот акт, кој влегува во записник.

Сенатот одлучува со мнозинство утврдено со закон, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

Доколку се утврди дека Сенатот донесол одлуки кои се спротивни на Законот за високо образование, општите акти или се спротивни на интересите на основачот на Универзитетот, претседателот на Управниот одбор има право да стави вето на истите.

Актите што ги донесува Сенатот ги потпишува претседателот на Сенат.

Член 30

Јавното гласање се врши со дигање рака или поименично за што одлучува Сенатот.

Тајно се гласа во случаите утврдени со закон, со Статутот и со другите општи акти на Универзитетот и кога Сенатот за тоа посебно ќе одлучи.

Член 31

Членот на Сенатот се изјаснува со „за“ или „против“ предлогот или со воздржување од гласањето.

Пред гласањето претседателот на Сенат констатира дали има кворум и доколку има се пристапува кон гласање.

По завршеното гласање, претседателот на Сенат ги утврдува резултатите од гласањето и врз основ на тоа објавува дали предлогот за кој се гласало е усвоен или одбиен.

Член 32

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња и го спроведува комисија, до три члена, избрана од Сенатот.

На секое гласачко ливче се става печат на Универзитетот и се потпишуваат сите членови на Комисијата, која што го спроведува гласањето.

Член 33

Пред да се премине на тајно гласање, се објаснува начинот на гласањето.

Гласачките ливчиња се даваат на членовите на Сенатот и гласањето се врши со прозивка, според списокот на членовите.

Член 34

Во гласачкото ливче, кога се предлага избор на носители на одредени функции, се наведуваат функцијата за која се врши изборот и имињата и презимињата на кандидатите поединечно, според азбучен ред на нивните презимиња.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број.

При тајно гласање за избор на одделни носители на функции, членовите на Сенатот гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот.

За неважечко ќе се смета:

- гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира,
- непотполнето гласачко ливче,
- ливчето на кои се внесени нови имиња и
- ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на Сенат гласал.

Доколку никој, односно ниту еден од предложените кандидати, не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува само за непотполнетите места, со други кандидати, по иста постапка.

Член 35

По спроведеното гласање претседателот на изборната комисија ги соопштува резултатите од гласањето, а претседателот на Сенат ја формулира одлуката, која се внесува во записникот.

Член 36

Тајното гласање за предлогот, во целина, се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведуваат предлогот и зборовите: „за“, „против“ и „воздржан“, а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

Член 37

Административните, стручните и други работи за потребите на Сенатот ги врши правната стручна служба на Универзитетот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Автентично толкување на одредбите од овој Деловник дава Универзитетскиот сенат.

Член 39

За измени и доплонувања на Деловникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 40

Деловникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетскиот сенат:
проф. д-р Ѓорги Сламков